**РЕЦЕНЗИЈА**

**за кандидатот проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска**
**за избор на дописен член во МАНУ во Одделението за уметност**

Ми претставува особена чест да се произнесам за научните и творечките квалитети на кандидатот д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; реномиран книжевен критичар, антологичар, есеист и проследувач на современата македонска книжевност. Нејзиното дело, плод на над триесетгодишна активност на полето на литературата, се одликува со високи дострели, неспорни резултати, како и со широка афирмација и углед во научните и книжевните кругови.

Своето образование од областа на науката за литературата и, поспецифично, на компаративната книжевност, д-р Лидија Капушевска-Дракулевска го стекнала на Универзитетот во Скопје, каде што дипломирала во 1985 г. како еден од најдобрите студенти на својата генерација и каде што докторирала на тема „Модерните поетски струења во Европа и современата македонска поезија“ во 2000 г., додека магистерската теза под наслов „Фантастичниот расказ во македонската литература“ ја одбранила на Универзитетот во Белград, во 1992 г. Во нејзината наставно-научна дејност со успех ги поминала сите неопходни степени, а во 2010 година стекнала трајно звање редовен професор по предметот Компаративни поетики, на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во академските кругови е позната како исклучително компетентен и совесен наставник, особено омилен од страна на студентите, додека кај колегите е секогаш посакуван соработник, како во научноистражувачките проекти, на многубројните научни собири и конференции, или во работата на одделни тела и комисии на Факултетот.

Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска била активен учесник во повеќе национални и меѓународни научни проекти чиј носител е Филолошкиот факултет, но и некои сродни институции во рамките на УКИМ, како Факултетот за драмски уметности или Институтот

за македонска литература, а особено е впечатлива нејзината повеќегодишна соработка со МАНУ, како дел од тимот раководен од акад. Милан Ѓурчинов (пред сè, во билатералните научноистражувачки проекти во соработка со БАН и САНУ), акад. Катица Ќулавкова (во проектот „Поимник на книжевната теорија“) и акад. Влада Урошевиќ (во списанието „Манускрипт“). Таа активно членува во академските асоцијации за компаративна книжевност на сите нивоа: национално (ЗККМ), европско (ESCL/SELC) и интернационално (AILC/ICLA), како и во најзначајните македонски литературни здруженија и институции: Друштвото на писателите на Македонија, македонскиот ПЕН-центар (член на Управен одбор во периодот 2014 – 2020) и Струшките вечери на поезијата (член и на Управниот одбор во периодот 2005 – 2007).

На полето на книжевноста, книжевната критика и есеистика, д-р Лидија Капушевска-Дракулевска постигнала завидни резултати, видливи од нејзините многубројни публикации, студии и статии, објавувани во научни зборници и низ периодиката во земјава и во странство. Таа е автор на осум авторски книги – монографии и збирки на критики и есеи, како и приредувач на единаесет книги – антологии и избори од творештвото на одделни писатели. Првите три книги од монографски карактер: „Во лавиринтите на фантастиката“ (1998; 2004), „Поетика на несознајното“ (2001) и „Поетика на изненадувањето“ (2003), претставуваат адаптирани студии од нејзиниот магистерски и докторски труд. Во нив авторката покажува завидно ниво на владеење со современите теориски парадигми од областа на книжевната наука и нивна соодветна примена на одделни автори и дела од македонската книжевност. Резултатите се пренесени сериозно и акрибично, преку низа издржани анализи и интерпретации кои се секогаш претставени во поширок контекст и во компаративистичка перспектива, сведочејќи за квалитетите на ова критичко писмо, кое успешно комуницира и со читателската публика. Фактот дека нејзината прва книга, „Во лавиринтите на фантастиката“, доживеала и второ издание, самиот за себе говори, ако знаеме дека кај нас најголем број книги од критичко-есеистички карактер не успеваат да ги исцрпат ниту скромните тиражи од првата објава.

Во другите пет авторски книги, кои претставуваат збирки од нејзини студии, огледи и есеи: „Маргарита по трагите на мајсторот“ (2006), „Калеидоскоп“ (2011), „Созвучја“ (2015), „Мозаик од гласови“ (2018) и „Авторот во огледало“ (2021), д-р Лидија Капушевска-Дракулевска со леснотија се движи низ светските и македонските книжевни феномени кои

се предмет на нејзиниот интерес. Со многу знаење и умешност, со нескриено љубопитство, со незгасната страст за литературата, но и со несекојдневна цврстина во изнесувањето на судовите, таа се впушта во интерпретирање на книжевноста, на нејзините повеќеслојно длабоки и многустрани пројави и варијации. Претходно искажаните квалификации важат и за антологиските избори на светската лирика, на скопските раскази, на македонските фантастични раскази, на македонската поезија на шпански, фламански и турски јазик, како и на изборот од творештвото на Конески, Урошевиќ и Цепароски, каде што искусното приредувачко перо на авторката обезбедува висок степен на репрезентативност и препознатливост на третираната материја. Погледнат во целина, опусот на д-р Лидија Капушевска Дракулевска зборува за една неспорна еволуција: додека првите книги, резултат од научните интереси на авторката, се одликуваат со висока акрибичност, сеопфатност и темелност во истражувачкиот пристап, поновите наслови покажуваат една послободна „поетика“, пофлексибилна, но и позрела, посигурна во себе, сè посуверена во изборот на темите, оstroумна во расчитувањето, смела во судовите и толкувањата.

Своите промислени сознанија за литературата, кандидатката континуирано ги надградува и ги применува низ активно учество во книжевниот живот на нашата земја, членувајќи во низа жири-комисии за најзначајните литературни награди и уредувајќи неколку литературни списанија, како на пример „Македонската ПЕН-ревија“, електронските списанија „Мираж“ и „Блесок“, или како актуелен член на редакцијата на списанието „Културен живот“ (од 2018). За високото вреднување на нејзините резултати од проследувањето на појавите во современата македонска литература сведочат и добиените високи признанија: наградата „Димитар Митрев“ на Друштвото на писателите на Македонија, за Најдобра книга од областа на критиката и есеистиката (за книгата „Мозаик од гласови“, во 2018 г.), како и Наградата за придонес во областа на критиката и есеистиката на списанието „Корени“, во 2012 година.

**Заклучок**

Творештвото на д-р Лидија Капушевска-Дракулевска е широко афирмирано во нашата академска, книжевна, културна и општествена средина, каде што несомнено ужива високо реноме и углед. Нејзината широка компаративистичка наобразба и упатеноста во делата на македонските и светските автори, ѝ овозможуваат на кандидатката компетентно и авторитетно проследување и промислување на сите позначајни феномени од современата македонска книжевност, посветувајќи подеднакво внимание на докажаните писателски вредности, како и на новите креативни имиња од помладата генерација, кои континуирано ги поддржува и ги афирмира. Имајќи ги предвид високите резултати од нејзината истражувачка работа, како и наведените квалитети на нејзиното критичко-есеистичко писмо, сметам дека д-р Лидија Капушевска Дракулевска е соодветен кандидат за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите.

Со почит,

проф. д-р Анастасија Ѓурчинова,
редовен професор на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“ во Скопје